ФЗОМ
ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
www.fzo.org.mk

Адреса: Македонија бр. 5, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 034
Централа.: 02 3289 054
Факс: 02 3289 048
Е-пошта: info@fzo.org.mk

# С О О П Ш Т Е Н И Е

Фондот за здравствено осигурување на Македонија, согласно разговорите и преговорите, а на предлог на Здружението на приватните гинеколози акушери на Македонија (ЗПГАМ),а во насока на повисоко вреднување на трудот на избраните гинеколози и зголемување на квалитетот на пружените здравствени услуги на осигурените лица, на седница на Управниот одбор на Фондот одржана на ден 29.07.2018 година, донесе одлука за следното:

1. Зголемување на вредноста на капитациониот поен за избраните гинеколози од 50,00 ден. на 55,00 ден. за секоја осигуреничка која извршила избор.

2. Зголемување на финансискиот надоместок за избраните гинеколози кои водат породување во породилиштата во здравствените домови во Република Македонија, а со цел обезбедување на навремена здравствена заштита на бремените жени во местата каде нема гинеколошко- акушерски одделенија во болничките здравствени установи.

3. Со цел унапредување на статусот на избраните гинеколози во примарната здравствена заштита и потребата од нивно поголемо ангажирање за намалување на смртноста на новороденчињата и родилките во Р.Македонија, Фондот направи дополнување на Правилникот за начинот на плаќање на здравствените услуги во примарна здравствена заштита. На овој начин, за прв пат се воведува вреднување на обезбедените здравствени услуги за бремени жени од избраниот гинеколог. Имено основната капитација за дејноста гинекологија за секоја осигуреничка - бремена жена ќе се пресметува со тоа што се множи со 2 поени. За сите останати осигуренички кои извршиле избор кај гинекологот се добива 1 поен.

   Ваквиот начин на пресметување на капитацијата за бремените жени ќе се применува за време на траење на бременоста, односно до завршување на породувањето, но не повеќе од 9 месеци.

Овие измени ќе се применуваат од 01.09.2018 година.